ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **11.02.2019 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општината **Борјанчо Мицевски**, Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска**, Советник за урбанистичко планирање **Иван Велиновски**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет **Биљана Тасевска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### <u>Градоначалник</u>

Дадени се насоки за подобрување на динамиката и резултатите во постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, со акцент на изготвување и придржување кон точно утврден план и динамика на решавање на предметите, како и поставување на неделна норма на решени предмети.

Дадено е задолжение до сите Одделенија за писмено произнесување по однсо на стратешките приоритети на Општината, а кои треба да бидат анализирани и интегрирани во Стратешкиот документ на Општина Крива Паланка, кој е во фаза на изработка.

Дадени се насоки до работната група за подготовка на функционална анализа за подобрување на динамиката на работење, кратење на роковите и изготвување на иницијален документ во најкраток рок.

---

**<u>Секретар</u>**

Информација во врска со реализирана обука за новиот закон за јавни набавки и позитивните впечатоци од истата.

Информација во врска со текот на постапката за пренамена на земјиште и потребата од изготвување на соодветен елаборат во рамките на истата.

Информација во врска со завршена постапка за вработување на административни службеници во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со неопходната потреба од промени кои произлегуваат од измените на Уставот на Република Македонија.

Задолжение за подготовка на извештај во врска со Планот за обуки и негово итно доставување до ЗЕЛС.

Информација во врска со потребата од иницирање на постапка пред Владата на РМ за давање на земјиште во трајна сопственост на Општина Крива Паланка (зпз и двор – Зграда спроти Општината и зпз и двор – ЛУ Градски Музеј Крива Паланка).

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Информација во врска со подготовката на завршна сметка.

Информација во врска со потребата од дополнување на одлуката за извршување на буџетот и проширување на буџетот во делот на донации (на наредната седница на Советот).

Информација за потребата од донесување на Одлука за донирање на расходувана електронска опрема во сопственост на Општината.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Информација во врска со подготовката на проектни апликации во врска со неколку распишани јавни повици и потсетување на крајните рокови за аплицирање.

Задолжение за санација на коцките на коловозот на потегот од турист до ЛУ Градски Музеј крива Паланка.

Задолжение за поставување на светлечки тела на 5 столбови за улично осветлување на обиколницата.

Задолжение за подготовка на спецификација за распишување на постапка за јавна набавка за проектирање на стени (кај метеоролошка станица и кај Раде Коска).

Информација во врска со тековните активности за асфалтирање, тампонирање, прочистување на локални патишта и слично.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Информација во врска со текот на постапките по повод поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и потребата од подобрување на динамиката на истите.

Информација во врска со некомплетни забелешки, а во врска со подготовката на сообраќајниот проект.

Информација во врска со неотпочнати активности на терен за поставување на куќни броеви и задолжение за изготвување на план за нумерација по кој веднаш да се постапува со соодветни теренски активности за поставување на куќни броеви.

Информација во врска постапката за донесување на ГУП.

Информација во врска со доставено барање од Македонско Еколошко Друштво – МЕД за организирање и реализација на рурален форум за заштитено подрачје на локалитетот Калин Камен, предвиден за 24.02.2019 година.

Информација во врска со одржан состанок со Гранит во врска со барањето за поставување на бетонска база со утврдена локација во с.Мождивњак.

Информација во врска со Е-урбанизам.

Задолжение за подготовка на документација за нови автобуски постојки и локации за поставување на табли за некролози, кои да бидат вметнати во елаборатот за поставување на урбана опрема.

Задолжение за подготовка на спецификација за распишување на постапка за јавна набавка за урбана опрема и реквизити за детски игралишта.

Задолжение за поставување на клупи за седење на стената долж обиколницата.

Задолжение за изнаоѓање на солуција за растеретување на сообраќајот зад ЛУ Градски Музеј Крива Паланка во услови на запирање на автобуси од меѓуградски и локални автобуски линии.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Информација во врска со спроведена и завршена постапка за вработување на административни службеници во Општина Крива Паланка.

Задолжение за иницирање на постапка пред Влада на РМ за давање во трајна сопственост на Општината на недвижен имот (зпз и двор – зграда спроти Општината и зпз и двор – ЛУ Градски Музеј Крива Паланка).

Задолжение за подготовка и достава до Влада на РМ на известување во врска со постоечко свлечиште на патниот правец кон село Станци и барање на соодветна помош во надминувањето на настанатиот проблем со истото.

Информација во врска со подготвени правилници за оценување и за унапредување на вработените во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со потребата од поплнување на план за обуки за новвработените лица во Општината.

Барање до сите вработени своите овластувања да ги доставуваат до Одделението за човечки ресурси заради нивно внесување во пероналните досиеја на вработените во Општината.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија</u>**

Информација во врска со подготовката на проектни апликации на повеќе објавени повици и потсетување на крајните рокови за достава на истите.

Иницијатива за свикување и одржување на состанок во врска со определени претстојни манифестации од обласа на културата и потребата од успешна организација и реализација на истите.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Информација во врска со добиен допис од Архив на РМ за најавена контрола во врска со архивското работење.

Информација во врска со изготвени одлуки на Совет и заклучоци за нивно прогласување и нивна достава до засегнатите субјекти, како и изготвено и дистрибуирано ново издание на Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Информација во врска со тековни постапки за јавни набавки.

Информација за потпишан договор за закуп на недвижен имот во сопственост на Општината (објект во с.Трново).

Информација во врска со електронска аукција за закуп на објекти (ЗЕЛС).

Дадено е задолжение за подготовка на Седница на Совет на ден 25.02.2019 година, со напомена за достава на материјалите од страна на сите одделенија најдоцна до 15.02.2019 година.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Информација во врска со спроведена контрола на локалниот пат кон Манастирот Свети Јоаким осоговски и отпочнати активности за средување на осветлувањето и кроење на вегетацијата долж истиот.

Информација во врска со предвидена и закажана акција за заловување на бездомни кучиња на ден 13.02.2019 година.

Информација во врска со активностите на градежен инспектор во текот на претходната работна недела.

Информација во врска со активностите на комунален инспектор во текот на претходната работна недела.

Информација во врска со активностите на комуналните редари и активностите за отстранување на градежен шут и хаварисани возила од јавни површини.

Информација во врска со одржан состанок со правното лице ЕЛКОЛЕКТ и заклучоците кои произлегле од истиот.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Информација во врска со чистење наодрони и кастрење на вегетација на локалниот пат кон манастирот Свети Јоаким Осоговски.

Информација во врска со активностите за собирање и расчистување на абразивни материјали од коловози и тротоарски површини.

Информација во врска со активностите за редовно и тековно собирање на смет.

Информација во врска со распишан тендер за набавка на уште 20 нови садови за отпад и барање за мапирање на нови локации за поставување на определен број на контејнери.

Дадено е задолжение за собирање и расчистување на абразивниот материјал кој што е расфрлан на тротоарската површина долж обиколницата.

Дадено е задолжение за итно и неодложно чистење на каналот во населба Единство.

Дадено е задолжение за итна санација на моторите на пумпите за вода на фонтаната на плоштадот Карпошово Востание.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Информација во врска со состојбата со поднесените апликации до Министерство за култура на РМ, а во рамките на програмата за култура.

Информација во врска со потребата од набавка на витрини во ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

Информација во врска со потребата од санација на видео надзорот во ЛУ Градски Музеј крива Паланка.

Информација во врска со потребата од јавна набавка за избор на АПВ за ангажирање на лица во ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

Информација во врска со тековни плаќања.

Информација во врска со потребата од санација на фонтаната пред ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

Информација во врска со други тековни активности.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски - Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

**11.02.2019 година, Крива Паланка**